# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 2, година LI**
**Понеделник, 10.02.2020**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за животна средина за 2020 година

1. Ја објавувам Програмата за животна средина за 2020 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-159/1
10.02.2020 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2019 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за животната средина за 2020 година

**Вовед**

„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата" - Устав на Република Северна Македонија.

Правото на чиста и здрава животна средина е фундаментално граѓанско право чие целосно и доследно почитување претставува услов за подобро здравје, поквалитетен и подолг живот на граѓаните. Затоа секој граѓанин е подеднакво должен да го штити, чува и унапредува природниот екосистем.

**Цели на програмата**

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, бучавата, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

**Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух**

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку:

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа како и користење на техники за моделирање

Донесување и спроведување на плански документи

Законот за квалитет на амбиенталниот воздух ја утврдува обврската за изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во рамките на зони и агломерации.

Планот е донесен од страна на Совет на Општина Битола во 2013 год. додека реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет.

Улога на совет, градоначалник и локална самоуправа при реализирање на програмата за животна средина

**Замена на печките кои користат тврди и фосилни горива со инвертер клими за драстично намалување на загадувањето, преку мерки за субвеницонирање.**

Со оваа мерка се овозможуваат услови и се стимулираат граѓаните да купуваат модерен систем за затоплување се со цел подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

**Субвенционирање на домаќинствата за енергетско ефикасни фасади**

Финансиска поддршка за граѓаните во висина од 20% од вредноста на инвестицијата за енергетска изолација.

**Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди**

Континуирано информирање на граѓаните за предностите од користење на јавниот превоз, на велосипеди и електрични скутери се со цел намалено загадување.

Изнајмување на велосипеди согласно донесената Сообраќајна студија на град Битола (Службен гласник бр.11 од 29.08..2011).

Предлог локации каде што би се изнајмувале велосипеди:

- Комплекс згради Довлеџик (влез од правец Охрид)
- Спортска сала „Младост„ (алтернатива е паркиралиштето под Тумбе кафе)
- Стрелиште (влез од правецот Скопје)
- Хотел Епинал
- Паркиралиште Нов Пазар

**Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците**

Субвенционирање на оџаци е со цел да се поттикнат граѓаните да ангажираат лиценцирани фирми и да се намалат штетните емисии од нечистите оџаци бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач. Субвенционирањето се врши два пати годишно и тоа после сезона и пред сезона.

**Изработка на Катастар на загадувачи**

**Изработка на Регистар на оџаци**

Потврдите за извршеното чистење на оџаците ќе се доставуваат до општината која ќе ги води во регистар на домаќинства кои се грејат со огревно дрво.

**Зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки**

Оваа обврска е пропишана во законот за комунални дејности.

**Набавка на додатни возила со еко стандард на плин**

**Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности** (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште и т.н.)

**Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари**

**Програма за намалување на аерозагадувањето и нејзина имплементација во 2019 и 2020 година во сите сегменти:**

- Мониторинг
- Инспекција
- Јавна кампања
- Измени на соодветни закони

•Секторите кои се најкритични извори на загадување (домашно затоплување, транспорт, индустрија, градежништво, урбано зеленило, отпад)

Со имплементација на оваа Програма се очекува намалување на загадувањето на воздухот од 30 – 50 % до 2020 година.

**Заштита од отпад**

**Поставување на поголем број на еко острови**

• Син контејнер за фрлање на хартија (отпадоци од хартија, весници, хартиени вреќи)

• Зелен контејнер во кој се депонира отпад од метал (лименки, конзерви, метални кутии и капачиња)

• Жолт контејнер во кој се фрлаат пластични отпадоци (пластични шишиња, чаши, кутии, ќеси, најлон фолии)

**Поставување на нови корпи за отпадоци, нови контејнери**

Унапредување на системот за управување со отпади спроведување на Програмата за управување со отпад

**Акција за собирање на пластика, акција за чистење на градот**

(мапирање и расчистување на дивите депонии), неделна агенда на ЈП Комуналец за отстранување и спроведување на кабастиот отпад, градежен шут од пред домовите на граѓаните со точно определување на кој ден каков вид на отпад ќе се подигнува. Акцијата има двојна цел и тоа подобрување со управувањето на отпадот во Општина Битола, како и подобрување на здравите навики кај жителите;

**Зголемени инспекциски контроли** на градилиштата и собирањето на градежен шут и зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла

**Активности во урбаните заедници:**

Анкетирање на јавното мислење со прашалници на теми од област заштита на животната средина и комуналните работи

Организирање на форуми за дискусија и средби со граѓаните

Едукативни флаери „Намали, искористи, употреби“ - зголемување на јавната свест за рециклирање и грижење за животната средина

Активностите се изведуваат во соработка со ЈП Комуналец

**Заштита на водите**

**Чистење на речното корито и потпорните ѕидови од кејот на реката Драгор** кое се организира секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба. На места каде коритото на реката е пониско да се преземат дејствија како би се исчистило, проширило и подигнало во висина како не би настанале прелевање и излевање на реката во период на обилни врнежи

**Проект Пречистителна станица**

Ги опфаќа отпадните води од Битола, селата Кравари и Долно Оризари, подпелистерските села, а со тоа се решава проблемот со загадувањето на река Драгор, Црна Река и Петтиот Канал. Во наредниот период следува експропријација на земјиштето и финалната фаза на изградба на пречистителната станица кон крајот на 2020 година.

**Проект Пречистителна станица во Подпелистерието**

Оваа пречистителна станица е една од предностите што ги има Општина Битола и Националниот парк „Пелистер“, истата претставува голем потенцијал за развојот на туризмот во Општина Битола. 2020 година се очекува да се пушти во употреба.

**Заштита на почвите и уредување на зелените површини**

Акција за нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните

**Проектот Еко офанзива** е прва фаза од реализацијата на Проектот од уредување и обезбедување на нови зелени површини чија реализација ќе се одвива во две фази.

Конкретните чекори кои ќе бидат дефинирани со овој Проект овозможуваат создавање на нови зелени површини и детски паркови на 70% од предвидените локации во Програмата.

**Реализација на сквер „Дрвен Пазар“**- уредување на јавната површина и озеленување, поставување на урбана опрема – клупи, осветлување, корпи за отпадоци и тезги за продажба на книги, сувенири, цвеќе, зачини...

**Нов градски парк во Нова Битола**

**Пошумување со иглолисна шума на обиколницата Снеговско – Облаковски масив** простор на падините под манастирот Св. Атанас (Стрчин) голините над Лавчанска населба (опфат 18км$^2$)

**Создавање на зелени коридори (иглолисни дрва)** од запад кон исток за внесување на свеж воздух (во должина од 5км) како и два појаси како тампон зона меѓу индустриската зона и јагленокопот на РЕК Битола од едната страна и Град Битола од другата (во должина од 12 км)

**Изградба на зелена ограда, односно до пресекот со железничката пруга со ниска ограда** и засадување на зимзелени лилјани (4,2км) како и на мостовите на реката Драгор и постоечките огради на јавните институции посебно градинките и училиштата

**Изработка на Зелен Катастар во соработка со ЈП Комуналец**

Отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

**Уредување на дворните површини во колективни и индивидуали станбени објекти** според Законот за комунални дејности и Закон за јавна чистота

Предлог за фаза I - уредување на дворните површини на колективните станбени згради на улица Филип II Македонски.

**Заштита од бучава**

**Воведување на еднонасочен сообраќаен режим** во централното градско подрачје

**Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим** за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници

**Подигнување на јавната свест**

Подигнување на јавната свест со реализација на кампањи, проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично

Организирање на еколошки конкурси за развојот на екологијата преку наградување во повеќе категории:

- најубаво уреден двор
- најеколошка компанија
- најеколошка елка (изработена од картони, пластични шишиња, хартија)
- најубава творба на тема екологија каде можат да се вклучат најмладите се со цел подигнување на јавната свест

**Финансирање на проектите предвидени со оваа програма**

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

Буџетот на РМ

Буџетот на Општина Битола – Програма Р1-Р10 - Износ: 5.000.000,00 денари континуирано Јануари-Декември 2020 год.

Средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во износ од 155.000.000,00 денари за заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух – замена на печки кои користат тврди и фосилни горива со инвертер клими.

Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината

Донации......

Меѓународни фондови....

**Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола

За реализација на оваа Програма е задолжена Градоначалник на Општина Битола, Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола

Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Со оваа Програма престанува да важи Програмата за животна средина за 2020 година Бр.09-181/5 од 25.12.2019, објавена во Сл.Гласник на Општина Битола бр.24/2019.

Бр.09-11/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отстапување на Трактор со додатна опрема во сопственост на Општина Битола на трајно користење на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отстапување на Трактор со додатна опрема во сопственост на Општина Битола на трајно користење на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, и 244/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
## за отстапување на Трактор со додатна опрема во сопственост на Општина Битола на трајно користење на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола тракторот „Solis 90 4 WD Индија“, Број на мотор: 4105TL93B824695F12, Број на шасија: AYYDS836397MS, Тракторска приколица 4т воздушно кочење Тиназ, Број на шасија: HEM 1213, Сериски број: HEM 1213, Нож за чистење снег B – тип Метал техник, Сериски број: 009386, Заден ровокопач 60-28 спапери, Сериски број: 15213, Тракторска метларка 2мет. Метал Техник, Сериски број: 009387, Мулчер Рио 500 Орси со носач за ножеви за кастрење на гранки, Сериски број: 054124, ги отстапува на трајно користење на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-11/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за НП Пелистер Битола за искористување на средства од Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2020 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за НП Пелистер Битола за искористување на средства од Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2020 година, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Програмата за НП Пелистер Битола за искористување на средства од Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за НП Пелистер Битола за искористување на средства од Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-11/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на второто полугодие од 2019 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на второто полугодие од 2019 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на второто полугодие од 2019 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на второто полугодие од 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2020 година во КЈП „Нискоградба“ - Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2020 година во КЈП „Нискоградба“ - Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14...143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2020 година во КЈП „Нискоградба“ - Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување за 2020 година во КЈП „Нискоградба“ - Битола бр.04-566/1 од 31.01.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола од ЈКП „Водовод"Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Ценовникот за изведување на Градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола од ЈКП„Водовод" Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-159/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14...143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година и продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола од ЈКП „Водовод"Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола од ЈКП „Водовод" Битола бр.08-47 од 20.01.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-11/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Ценовникот бр.01-724/1 од 16.06.2014 година од КЈП „Нискоградба" Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Ценовникот бр.01-724/1 од 16.06.2014 година од КЈП „Нискоградба" Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-159/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14...143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година и продолжение на 07.02.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Ценовникот бр.01-724/1 од 16.06.2014 година од КЈП „Нискоградба“Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Ценовникот бр.01-724/1 од 16.06.2014 година од КЈП „Нискоградба“Битола бр.02-41/9 од 24.01.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2020 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2020 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр.23...104/19), член 54 став 3 од колективниот Договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Сл.Весник на РСМ“ бр.249/19 и 266/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2020 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2020 година, донесена од Управниот одбор на Установата Бр.02-36/3 од 31.01.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-11/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички

лица вработени во јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжеие на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр.23...104/19), член 54 став 3 од колективниот Договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Сл.Весник на РСМ“ бр.249/19 и 266/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола, донесена од Управниот одбор на Установата Бр.02-35/3 од 31.01.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-11/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор во ЈКП„Водовод“, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96 ....64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВААТ, Томе Петровски и Пеце Крајовски од членови во Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола,

2. СЕ ИМЕНУВААТ лицата

- Билјана Китановска, од Битола Ул. „Ваташа“ бр. 16, магистер по економски науки.
- Мимоза Кузмановска-Танушевска, од Битола Ул. „Игњат Атанасовски“ бр.17/18, дипломиран правник.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ОУ „Св.Кирил и Методиј“Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на РСМ“бр.161/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола

1. СЕ ДАВА позитивно мислење на Статутот на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола бр.01-37/7 од 04.02.2020год.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-11/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Ѓорги Суагрев“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ОУ „Ѓорги Суагрев“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на РСМ“бр.161/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Ѓорги Суагрев“ Битола

1. СЕ ДАВА позитивно мислење на Статутот на ОУ „Ѓорги Суагрев“Битола бр.01-265/1 од 06.12.2019год.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-11/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот за 2020 година

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот за 2020 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 2 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08) и член 13 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, и 39/2016) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот за 2020 година

**Член 1**

Се врши измена на Одлуката за извршување на Буџетот за 2020г под бр.09-194/4 од 27.12.2019г и тоа во член 13 став 2 алинеја 1 износот „5689 денари“ се заменува со износот „5717 денари“.

Член 13 став 2 алинеја 2 се менува и гласи:“ за вработените во Противпожарната единица вредноста на бодот е 32,28 денари.

За пожарникар спасител, пожарникар спасител возач на специјално возило се утврдуваат 793 бода;

За заменик командир, командир на вод и командир на одделение се утврдуваат 855 бода“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува со исплата од декември 2019 година за декемвриската плата. Одлуката ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-11/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилникот за условите, начинот и постапката за давање подзакуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа

1. Го објавувам Правилникот за условите, начинот и постапката за давање подзакуп на делови од автобуските

стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-159/14 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.02.2020 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 6 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година и продолжение на ден 07.02.2020 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за условите, начинот и постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа.

### Член 2

Микролокациите, типовите и димензиите на автобуските стојалишта се утврдени со Програмата за поставување на урбана опрема, како и во Прилогот 1 кон овој правилник.

Предмет на закупот ќе бидат страничните делови – страниците од автобуските стојалишта од двете страни, при што една внатрешна страница во просторот наменет за чекање на патницит задолжително треба да биде оставена слободна за поставување на возните редови на превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници во Општина Битола. На автобуските стојалишта со киоск, поставувањето на возните редови ќе биде на страницата од киоскот во просторот наменет за чекање на патниците.

### Член 3

Давањето под закуп на страничните делови од автобуските стојалишта за поставување на рекламни паноа ќе се врши по принципот „пакет стојалишта“, дадени во Прилогот 1, кој е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Во постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта за поставување на рекламни паноа може да учествува секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот и кое ја подигнало потребната документација од Општина Битола.

### Член 5

Постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта за поставување на рекламни паноа ја спроведува комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола, од редот на вработените во општинската администрација.

Страничните површини на автобуските стојалишта се доделуваат под закуп врз основа на јавен оглас што го распишува Комисијата за спроведување на постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа, според критериумите утврдени со овој правилник.

Јавниот оглас од ставот 2 на овој член се објавува во два печатени медиуми и на веб страната на Општина Битола.

### Член 6

Врз основа на објавениот јавен оглас за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа, секој заинте-

ресиран понудувач ги поднесува следните документи:

1. Понуда за закуп на делови од автобуски стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа, со назив и седиште на понудувачот;
2. Назначен/назначени „пакет/и стојалишта" за кој/кои што се поднесува понудата;
3. Документ за регистрирана дејност од Централен регистар на РСМ;
4. Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
5. Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
6. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
7. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
8. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
9. Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;
10. Парафиран модел на договор;
11. Изјава за согласност за користење на личните податоци.

Документите од точките 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на претходниот став не треба да бидат постари од шест месеци од денот кој ќе биде определен во јавниот оглас како краен рок за доставување на понудите.

**Член 7**

Доставените понуди ќе се бодуваат според следните елементи:

1. **За** понудена **цена, која ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, понудувачот може да добие најмногу 80 бодови, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има највисока понудена цена. Бодовите за понудената цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:**

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Цена (без ДДВ)} \times \text{максимален број бодови}}{\text{највисока цена (без ДДВ)}}$$

2. **За понуден рок за исполнување на непаричните обврски** (санација и осигурување на автобуските стојалишта), кој ќе се пресметува како број на календарски денови, понудувачот може да добие **најмногу 20 бодови**, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има **најкраток понуден рок за исполнување на непаричните обврски.** Бодовите за понудениот рок за исполнување на непаричните обврски кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најкраток рок за исполнување на непаричните обврски} \times \text{максимален број бодови}}{\text{Рок за исполнување на непаричните обврски}}$$

За најповолна понуда ќе биде избрана понудата која ќе има најголем резултат од збирот на бодовите за сите три елементи, а во случај на ист резултат, предност ќе има понудата која прва била поднесена во архивата на Општина Битола.

При пресметувањето, бодовите ќе се заокружуваат на две децимали.

**Член 8**

Почетната цена за предметот на закупот се определува во износ од 100,00 денари месечно за еден метар квадратен рекламна површина без данок на додадена вредност, а вкупната почетна цена за закуп на рекламните површини од „пакет стојалишта" изнесува:

За „пакет стојалишта" А ... 15.370,00 денари/месечно без ДДВ;

За „пакет стојалишта“ Б ... 14.790,00 денари/месечно без ДДВ;
За „пакет стојалишта“ В ... 14.790,00 денари/месечно без ДДВ и
За „пакет стојалишта“ Г ... 15.950,00 денари/месечно без ДДВ.

Во цената за закупот не се вклучени трошоците за комунална такса за истакнување на реклами, кои ќе бидат дополнителна обврска на најповолниот понудувач со кој ќе биде склучен договорот.

Висината на комуналната такса за истакнување на реклами е утврдена со Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола и истата ќе се пресметува и наплаќа на месечно ниво, а избраниот најповолен понудувач со кој ќе биде склучен договорот за закуп ќе има обврска комуналната такса да ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Битола, без издавање на посебно решение.

**Член 9**

Избраниот најповолен понудувач со кој ќе биде склучен договорот за закуп, ќе има обврска да ги санира оштетените страници на автобуските стојалишта од „пакетот стојалишта“, да постави возни редови на една од страниците на автобуските стојалишта и да ги осигура истите од кршење, сето тоа во понудениот рок од неговата понуда.

Закупецот ќе биде должен да ги одржува на негов трошок страниците - рекламните паноа на автобуските стојалишта, вклучително и страниците со возни редови, за целото времетраење на договорот за закуп.

По завршувањето на договорот за закуп, закупецот ќе биде должен на негов трошок да ги отстрани сите рекламни обележја кои ги поставил на автобуските стојалишта, а во спротивно, Општина Битола ќе ангажира трето лице да го изврши остранувањето, на трошок на закупецот.

Договорот за закуп со најповолниот понудувач ќе биде склучен со времетраење од една година од денот на склучувањето на договорот.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-11/16
06.02.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

*Прилог 1. кон Правилникот*

## ПАКЕТИ СТОЈАЛИШТА

### ПАКЕТ А:

| Ознака | Улица | Микролокација | Киоск | Пов. за реклами ($м^2$) | Почетна цена без ДДВ (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бус-1 | 8-ми Септември | Г.Оризари-влез од Прилеп | не | 8,7 | 870 |
| Бус-6 | Филип II Македонски | Кај Вингс | не | 8,7 | 870 |
| Бус-10 | Филип II Македонски | Јавор | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-12 | Булевар 1-ви Мај | Ректорат | не | 8,7 | 870 |
| Бус-16 | Ген. Васко Карангелевски | Пред Веро 2 | да | 8,7 | 870 |
| Бус-20 | Партизанска | Пред Шик Лавци | не | 8,7 | 870 |
| Бус-24 | Партизанска | Спроти Ракометно | да | 14,5 | 1450 |
| Бус-28 | 4-ти Ноември | Спроти Св. Тома | не | 8,7 | 870 |
| Бус-32 | Прилепска | Спроти Пелагонка 1 | не | 8,7 | 870 |
| Бус-37 | 11-та Македонска Дивизија | Покрај Педагошка | не | 8,7 | 870 |
| Бус-43 | Методија Андонов Ченто | Пред Дисконт | да | 14,5 | 1450 |
| Бус-46 | Тодор Паница | Спроти Трафостаница | не | 8,7 | 870 |
| Бус-48 | Ружа Делчева | Тедико | не | 8,7 | 870 |
| Бус-51 | Никола Тесла | Спроти главна автобуска | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-54 | Пат Битола-Бистрица | Кај Влашки гробишта | не | 8,7 | 870 |
| **ВКУПНО:** | | | | **153,7** | **15.370** |

### ПАКЕТ Б:

| Ознака | Улица | Микролокација | Киоск | Пов. за реклами ($м^2$) | Почетна цена без ДДВ (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бус-4 | 8-ми Септември | Кај кружен тек Дулие | не | 8,7 | 870 |
| Бус-7 | Филип II Македонски | Спроти Вингс | не | 8,7 | 870 |
| Бус-17 | Ген. Васко Карангелевски | Спроти Веро 2 | да | 14,5 | 1450 |
| Бус-21 | Партизанска | Спроти Шик Лавци | не | 8,7 | 870 |
| Бус-25 | Партизанска | Пред Ракометно | не | 8,7 | 870 |
| Бус-26 | Солунска | Кај Руска Црква | не | 8,7 | 870 |
| Бус-31 | Прилепска | Спроти автобуска Ат Пазар | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-38 | 11-та Македонска Дивизија | Спроти Педагошка | не | 8,7 | 870 |
| Бус-40 | 11-та Македонска Дивизија | Пред Базен Довлеџик | не | 8,7 | 870 |
| Бус-44 | Методија Андонов Ченто | Спроти Дисконт | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-45 | Боривоје Радосавлевиќ | Лавчанска населба | не | 8,7 | 870 |
| Бус-47 | Ген. Васко Карангелевски | Агро Леска | не | 8,7 | 870 |
| Бус-49 | Македонска Фаланга | Градски парк | не | 8,7 | 870 |
| Бус-53 | Македонска Фаланга | Пред Жито Битола | не | 8,7 | 870 |
| Бус-55 | Буковска | Кај Бензиска Макпетрол | не | 8,7 | 870 |
| **ВКУПНО:** | | | | **153,7** | **14.790** |

**ПАКЕТ В:**

| Ознака | Улица | Микролокација | Киоск | Пов. за реклами (м$^2$) | Почетна цена без ДДВ (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бус-3 | Арон Ароести | Спроти АМД Ѓ.Наумов | не | 8,7 | 870 |
| Бус-8 | Филип II Македонски | Бела Чешма | не | 8,7 | 870 |
| Бус-13 | Булевар 1-ви Мај | Стара ф-ка Хераклеа | не | 8,7 | 870 |
| Бус-15 | Ген. Васко Карангелевски | Спроти Педагошка | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-18 | Партизанска | Пред Болница | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-23 | Партизанска | Спроти Стара Касарна | да | 8,7 | 870 |
| Бус-27 | Солунска | Кај Руска Црква | не | 8,7 | 870 |
| Бус-30 | Прилепска | Пред автобуска Ат Пазар | да | 14,5 | 1450 |
| Бус-34 | Прилепска | Кај кружен тек Дулие | не | 8,7 | 870 |
| Бус-35 | Булевар 1-ви Мај | Пред Музичко | не | 8,7 | 870 |
| Бус-41 | Довлеџик | Кампинг | не | 8,7 | 870 |
| Бус-52 | Македонска Фаланга | Спроти Жито Битола | не | 8,7 | 870 |
| Бус-57 | Илчо Стојановски | Буковска населба | не | 8,7 | 870 |
| Бус-59 | Анести Пановски | Над Тинекс | не | 8,7 | 870 |
| Бус-71 | Методија Андонов Ченто | Брусничка населба | не | 8,7 | 870 |
| **ВКУПНО:** | | | | **153,7** | **14.790** |

**ПАКЕТ Г:**

| Ознака | Улица | Микролокација | Киоск | Пов. за реклами (м$^2$) | Почетна цена без ДДВ (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бус-2 | 8-ми Септември | Г.Оризари-игралиште | не | 8,7 | 870 |
| Бус-5 | 8-ми Септември | Пред Св.Недела | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-9 | Филип II Македонски | Бела Чешма | не | 8,7 | 870 |
| Бус-11 | Филип II Македонски | Шехерезада | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-14 | Ген. Васко Карангелевски | Пред Педагошка | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-19 | Партизанска | Спроти Болница | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-22 | Партизанска | Пред Стара Касарна | да | 8,7 | 870 |
| Бус-29 | 4-ти Ноември | Пред Св. Тома | не | 8,7 | 870 |
| Бус-33 | Прилепска | Пред Пелагонка 1 | не | 8,7 | 870 |
| Бус-36 | Булевар 1-ви Мај | Кај Црн Мост | да | 8,7 | 870 |
| Бус-42 | Довлеџик | Кампинг-Бонанца | да | 8,7 | 870 |
| Бус-50 | Никола Тесла | Покрај главна автобуска | не | 14,5 | 1450 |
| Бус-58 | Апостол Здравевски | Буковска населба | не | 8,7 | 870 |
| Бус-60 | Анести Пановски | Над Тинекс | не | 8,7 | 870 |
| Бус-72 | Методија Андонов Ченто | Брусничка населба | не | 8,7 | 870 |
| **ВКУПНО:** | | | | **153,7** | **15.950** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Комуналец“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП„Комуналец“, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96 ....64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Комуналец“ Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА, Билјана Степановски од членови во Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола,

СЕ ИМЕНУВА лицето

- Кирил Трпковски, од Битола Ул.„Филип II Македонски“ бр. 66/34, факултет за туризам и угостителство.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Пазари“, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96 ....64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на 07.02.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Пазари“ Битола1.

СЕ РАЗРЕШУВА, Анета Димовска од членови во Надзорниот одбор на ЈКП „Пазари“ Битола,

СЕ ИМЕНУВА лицето

- Ема Симјановска, од Битола Ул .„Игњат Атанасовски“ бр. 29/15, дипломиран правник.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собранието на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собранието на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собранието на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола

### Член 1

Со оваа одлука се овластува Методија Илиевски, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Општина Битола, како акционер во РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола, да присуствува на седници на Собрание на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола.

### Член 2

За првото наредно Собрание на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола, како кандидати за неизвршни членови на Одборот на директори на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола од страна на Општина Битола се утврдуваат и предлагаат:

1. Горан Козаров и
2. Наташа Лукиќ.

### Член 3

Се овластува полномошникот од членот 1 на оваа одлука, на првата наредна седница на Собранието на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола да гласа за промена на името на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола во РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР 2 АД Битола и за избор на утврдените кандидати од членот 2 на оваа одлука.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да го потпише и да го завери на нотар полномошното за лицето од членот 1 на оваа одлука, со инструкциите од членот 2 на оваа одлука.

Градоначалникот на Општина Битола е овластен по сопствено наоѓање во полномошното да наведе дополнителни инструкции за гласање или ограничувања за полномошникот од членот 1 на оваа одлука.

Доколку полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на Општина Битола.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се овластува Методија Илиевски, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Општина Битола, како акционер во РК ПЕЛИСТЕР АД Битола, да присуствува на седници на Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола.

**Член 2**

За првото наредно Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола, како кандидати за неизвршни членови на Одборот на директори на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола од страна на Општина Битола се утврдуваат и предлагаат:

1. Валентин Груевски и
2. Драган Крајовски.

**Член 3**

Се овластува полномошникот од членот 1 на оваа одлука, на првата наредна седница на Собранието на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола да гласа за промена на името на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола во РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР 2 АД Битола и за избор на утврдените кандидати од членот 2 на оваа одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да го потпише и да го завери на нотар полномошното за лицето од членот 1

на оваа одлука, со инструкциите од членот 3 на оваа одлука.

Градоначалникот на Општина Битола е овластен по сопствено наоѓање во полномошното да наведе дополнителни инструкции за гласање или ограничувања за полномошникот од членот 1 на оваа одлука.

Доколку полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на Општина Битола.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се овластува Валентин Груевски, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Општина Битола, како акционер во ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола, да присуствува на седници на Собрание на акционери на ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да го потпише и да го завери на нотар полномошното за лицето од членот 1 на оваа одлука.

Градоначалникот на Општина Битола е овластен по сопствено наоѓање во полномошното да наведе ограничувања и инструкции за гласање за полномшникот од членот 1 на оваа одлука.

Доколку пономошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на Општина Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Правилникот за начин, услови и критериуми за надоместување на трошоците на домаќинста во утврдените зони на подрачјето на Општина Битола за заштита на квалитето на амбиенталниот воздух - замена на печките кои користат огревно дрво со инвертер клими

1. Го објавувам Правилникот за начин, услови и критериуми за надоместување на трошоците на домаќинста во утврдените зони на подрачјето на Општина Битола за заштита на квалитето на амбиенталниот воздух – замена на печките кои користат огревно дрво со инвертер клими, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-159/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.02.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 2 и член 17 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.02.2020 година со продолжение на ден 07.02.2020 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
### за начин, услови и критериуми за надоместување на трошоците на домаќинствата во утврдените зони на подрачјето на Општина Битола за заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух - замена на печки кои користат тврди и фосилни горива со инвертер клими

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат начинот, условите и критериумите за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, заради замена на печките на тврди и фосилни горива кои што ги користат за затоплување на станбениот простор во кој живеат.

**Член 2**

Со право на субвенционирање на трошоците за набавка и монтирање на високоефикасни инвертер клима уреди можат да се стекнат носители на домаќинства кои живеат на територијата на Општина Битола, во една од утврдените зони дадени во прилог 1 на овој правилник, кои за затоплување на станбениот простор во кој живеат користат тврди и фосилни горива и чии членови во претходните пет години немаат користено средства од Буџетот на Општина Битола и Буџетот на Република Северна Македонија за купување на инвертер клима уреди или системи и печки на пелети.

Како носител на домаќинството се смета сопственикот на станбениот простор односно обврзникот на данокот на имот за станбениот простор во кој живее домаќинството или кој на друг начин ќе докаже дека е носител на домаќинството.

Како станбен простор во кој живее домаќинството се смета недвижниот имот во кој носителот на домаќинството има живеалиште.

Носителот на домаќинството го докажува правото на сопственост на станбениот простор во кој живее домаќинството со имотен лист, правен основ, решение за данок на имот или друг соодветен доказ, а живеалиштето го докажува со важечка лична карта, патна исправа или изјава заверена на нотар.

Две или повеќе домаќинства кои живеат во посебни делови од еден ист станбен објект, кои не се физички поделени, а претставуваат функционални целини, се сметаат за посебни домаќинства доколку имаат засебни струјомери и водомери или доколку тоа го потврдат со изјава заверена на нотар.

Доколку две или повеќе домаќинства живеат во различни станбени единици на

еден ист сопственик, тоа го докажуваат со изјава заверена на нотар.

**Член 3**

Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Битола во најмалку два дневни весници кои излегуваат на територијата на Република Северна Македонија и на интернет страницата на Општина Битола.

Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде најмалку пет работни дена.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација, според принципот „прв дојден, прв услужен", при што на секоја пријава ќе има датум и време на поднесување.

**Член 4**

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Битола формира комисија составена од седум члена, од кои четири члена од вработените во општинската администрација и три члена од членовите на Советот на Општина Битола.

По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи баратели за субвенционирање.

Градоначалникот на Општина Битола, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за субенционирање на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Битола.

Врз основа на решението од ставот 3 на овој член, комисии формирани од градоначалникот на Општина Битола ќе извршат попис на печките на тврди и фосилни горива кај добитниците на субвенции, ќе состават записници и ќе стават налепници на печките дека се попишани и дека ќе бидат одземени без надомест од Општина Битола, а собирањето на попишаните печки ќе биде извршено од страна на ЈКП Комуналец Битола или од страна на друго правно лице кое ќе биде избрано од Општина Битола.

Добитниците на субвенции кај кои нема да се затекнат печки на тврди или фосилни горива или ќе одбијат затекнатите печки да бидат попишани и одземени од Општина Битола, ќе го изгубат правото на субвенционирање.

**Член 5**

Едно домаќинство може да добие и да искористи субвенција во максимален бруто износ од 62.000 денари, во кој износ влегуваат трошоците за монтажа и данокот на личен доход.

Максималниот број на домаќинства кои можат да добијат и да користат субвенција изнесува 2.500 домаќинства.

Во зависност од искористувањето на субвенциите, доколку има преостанати расположливи средства, градоначалникот може да донесе дополнително решение за субвенционирање на одреден дополнителен број од наредно рангираните баратели од листата од член 4 став 2 од овој правилник.

Средствата за субвенциите се планирани од Буџетот на Општина Битола за 2020 година – Програма за животна средина за 2020 година, во вкупен износ од 155.000.000 денари, а се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година – Програма на Владата на Република Северна Македонија за намалување на аерозагадувањето.

**Член 6**

На добитниците на субвенција, Општина Битола им издава потврда за користење на субвенција.

Субвенцијата може да се искористи како учество за купување и монтажа на високоефикасен инвертер клима уред од трговски друштва и трговци поединци кои се регистрирани и вршат трговија, одржување и поправка на клима уреди.

За високоефикасни инвертер клима уреди се сметаат инвертер клима уреди со работна температура за греење од минимум -20 целзиусови степени, со енергетска класа на ладење минумум А++ и енергетска класа на греење минимум А+ и со коефициент на

ефикасност SEER миниум 6,1 и SCOP минимум 4.

**Член 7**

Начинот на користење на субвенцијата е со рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на високоефикасен инвертер клима уред на трансакциската сметка на добитникот на субвенцијата или со плаќање кон трговското друштво односно трговецот поединец од каде што се набавува и монтира уредот.

Доколку корисникот на субвенцијата бара рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на уредот, до Општина Битола треба да достави барање кон кое треба да приложи фискална сметка со сметко-потврда или фактура со извод од банка за извршеното плаќање, копија од испратницата, гарантниот лист и работниот налог за монтажата на уредот и копија од трансакциската сметка на која бара да биде извршено рефундирањето на средствата.

Доколку корисникот на субвенцијата бара плаќањето да биде извршено кон трговското друштво односно трговецот поединец од каде што се набавува и монтира уредот, до Општина Битола треба да достави барање кон кое треба да приложи про-фактура или фактура од трговското друштво односно трговецот поединец која задолжително треба да ги содржи следните елементи: име и презиме на корисникот на субвенцијата, број на потврдата за субвенција и сериски број на уредот кој се набавува и монтира. Во прилог на фактурата задолжително треба да се достави копија од испратницата, гарантниот лист и работниот налог за монтажа на уредот.

Исплатата кон трговското друштво односно трговецот поединец ќе се врши во рок од 30 дена по доставената фактура, а доколку се бара плаќање по про-фактура тогаш 50% од износот на про-фактурата ќе се исплати авансно при набавката на уредот, а остатокот од 50% ќе се исплати во рок од 30 дена по приемот на фактурата, по извршената монтажа на уредот.

**Член 8**

При поднесувањето на барањето за рефундирање на трошоците односно за плаќање по про-фактура или фактура од членот 7 на овој правилник, корисникот на субвенцијата задолжително треба да достави до Општина Битола изјава заверена на нотар дадена под материјална и кривична одговорност дека во наредните три години по денот на монтажата на клима уредот нема да го демонтира истиот и нема да користи дрва, јаглен, фосилни и какви било други видови на нееколошки горива за затплоување на станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, како и дека е согласен во тој период од три години да се вршат контроли од страна на Општина Битола во станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, а во спротивно дека е согласен да го врати на Општина Битола износот на искористената субвенција.

Доколку корисникот на субвенцијата не ја достави изјавата од ставот 1 на овој член, истиот ќе го изгуби правото на субвенција и Општина Битола нема да има обврска за исплата на средствата.

**Член 9**

Надзор над преземените обврски со изјавата од член 7 став 2 од оваа одлука ќе вршат овластените општински комунални инспектори од Општина Битола.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-11/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.02.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

## ПРИЛОГ 1

**Утврдени зони за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на вискоефикасни инвертер клима уреди**

1. Зона ЦГП1, Зона ЦГП 2, Зона ЦГП 3, Зона ЦГП 4 и Зона ЦГП 5
2. Зона „Даме Груев„
3. Зона „Јени маале 2„
4. Зона Боримечка
5. Зона Североисточна
6. Зона Ушици
7. Зона Баир
8. Зона Девеани
9. СЗ 3,4,5,6,7,8- област Маџар маало
10. Зона Горно Оризари
11. Зона Стрелиште

# С О Д Р Ж И Н А

П Р О Г Р А М А за животната средина за 2020 година ........................................................... 1

ОДЛУКА за отстапување на Трактор со додатна опрема во сопственост на Општина Битола на трајно користење на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола ...................... 5

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за НП Пелистер Битола за искористување на средства од Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2020 година.............. 6

З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на второто полугодие од 2019 година .................................... 7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2020 година во КЈП „Нискоградба“ - Битола ......................................... 7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи по Програмата на Општина Битола од ЈКП „Водовод“Битола ......................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Ценовникот бр.01-724/1 од 16.06.2014 година од КЈП „Нискоградба“Битола............................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за 2020 година ........................................................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за помошно-технички лица вработени во јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола .................................................................. 10

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Водовод“ Битола................................................ 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола................................................... 11

Р Е Ш Е Н И Е за давање на позитивно мислење на Статутот на ОУ „Ѓорги Суагрев“ Битола................................................................... 12

ОДЛУКА за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот за 2020 година ................................................................. 12

П Р А В И Л Н И К за условите, начинот и постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа......................... 13

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Комуналец“ Битола................................................................... 18

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Надзорен одбор во ЈП „Пазари“ Битола1. ............................................................... 18

О Д Л У К А за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собранието на акционери на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР АД Битола ....................................... 19

О Д Л У К А за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола и за утврдување на кандидати за членови на органот на управување на РК ПЕЛИСТЕР АД Битола ....................................... 20

О Д Л У К А за овластување на полномошник на Општина Битола за присуство на седници на Собрание на акционери на ФК ПЕЛИСТЕР АД Битола ........................................................... 21

П Р А В И Л Н И К за начин, услови и критериуми за надоместување на трошоците на домаќинствата во утврдените зони на подрачјето на Општина Битола за заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух – замена на печки кои користат тврди и фосилни горива со инвертер клими .................................. 22

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211